Врз основа на член 50, ства 1, точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) донесувам

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено работно време во општинската администрација на Општината Велес-Територијална противпожарна единица**

Член 1

Општинската администрација на Општината Велес има потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено работно време за работни места во:

- Територијалната противпожарна единица и тоа:

  1. Назив на работно место-**пожарникар спасител-техничар**, ниво В3, реден број 104, шифра ПОЖ 02 10 В03 000- **6 (шест) овластени службеници**;

  2. Назив на работно место-**пожарникар спасител**, ниво В4, реден број 105, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 - **4 (четири) овластени службеници**,

- За погоре наведните работни места обезбедени се средства за плати, надоместоци од неменската сметка во Буџетот на општината Велес за 2018 година ставка: 401 Основни плати и персонален данок Програма ЊО – противпожарна заштита и ставка 402 Придонеси за социјално осигурување Програма ЊО.

- Да се објави Јавен оглас за потребата на работници во два дневни весници.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на Општината Велес
Аце Коцевски

Бр. 04-6336/1
13.12.2018год.
Велес

Изготвил: ___